**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ПРОСВЕТЕН ИНСПЕКТОРАТ**
**Број: 09-14/4**
**25.07.2024 година**
**БИТОЛА**

| **ООУ „Добре Јованоски“ – Прилеп** | |
|---|---|
| Конечен - Извештај од извршена интегрална евалуација | |
| Датум на интегрална евалуација: | 17-19 април 2024 година |
| Број на извештај: | 6/пелагониски/2024 |
| Раководител на инспекциски тим: | Жаклина Наумовска |
| Вид на училиштето: | Основно |
| Број на подрачни училишта: | / |
| Основач на училиштето: | Општина Прилеп |
| Наставен јазик: | Македонски |
| Број на ученици: | 1238 |
| Полова структура на ученици: | м – 657; ж - 581 |
| Број на наставници: | 74 |
| Претседател на училишниот одбор: | Ахмед Дервишоски |
| Директор на училиштето: | Панде Николоска |
| Датум на претходна интегрална евалуација: | 19 - 21 ноември 2018 година |
| Адреса на училиштето: | ул. „11-ти Октомври“ бр. 145 Прилеп |
| Телефон: | +389 (0) 48 427 967 |
| Факс: | +389 (0) 48 427 967 |
| e-mail: | ou_dobrejovanoski_pp@yahoo.com |
| web страна: | http://ooudobrejovanoski.weebly.com |
| Оценка од интегрална евалуација | 3,20 добро |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл. весник на РМ“ број 52/2005, 81/2008, 148/2009 и 57/2010, 51/2011, 24/2013, 137/2013, 164/2013, 33/2015 и 41/2014 година) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006).

## РЕЗИМЕ

Во согласност со Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат (ДПИ) и Законот за Просветна инспекција периодот од 17 до 19.04.2024 година тим од тројца државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во ООУ „Добре Јованоски“ Прилеп Во текот на тридневната посета,

државните просветни инспектори имаа средба со претставници од Училишниот одбор, Наставничкиот совет, Советот на родители и Училишната заедница. Се изврши посета во подрачните училишта и беа посетени наставни часови кај наставницикако во централното исто и во ПУ кои реализираа настава во деновите кога се спроведуваше интегралната евалуација.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи , посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во ООУ „Добре Јованоски " од Прилеп. е **3.20 добро.**

Воспитно образовната работа во ООУ „Добре Јованоски" - Прилеп се остварува врз основа на наставните планови и програми за деветгодишно основно образование, наставните програми по Кембрич (во III одделение, природни науки во VI одделение, биологија од VII одделение до IX одделение, хемија и физика во VIII одделение и IX одделение), како и за учениците од I, II, IV и V одделение по Концепцијата за основно образование. Применуваните наставни планови и програми се во согласност со програмските документи кои се изготвени од Бирото за развој на образованието и одобрени од Министерот за образование и наука.

Во училиштето се реализираат програми за хор и оркестар.

Наставната програма по физичко и здравствено образование во училиштето се реализира во целост, во две спортски сали и на спортското повеќенаменско игралиште во училишниот двор.

Во училиштето се реализираат програми од проектите: ЕКО, ОХО, МИМО, Еразмус (К1 и К2 програми), „Отворете ги прозорците", „Инклузивно образование на ранлива група ученици и на маргинализирани ученици", „Диференцирана настава во инклузивна училница", Антикорупциска едукација, и друго.

Училиштето има формирано Училишен инклузивен тим кој има изготвено програма за работа. Во училиштето е идентификуван 1 ученик со ПОП, за кој е формиран инклузивен тим за детето. Сите наставници кои реализираат настава во паралелката на ученикот со посебни образовни потреби, работат по сопствен изработен ИОП.

Изборот на наставните предмети од листите со најмалку 3 изборни предмети од наставниот план го вршат учениците, во согласност со нивните родители. Во училиштето се реализира програма за образование за возрасни лица, за што училиштето има верифицирано дејност Во изминатата учебна година своето основно образование го дооформиле 22 возрасни лица.

Во ООУ „Добре Јованоски" - Прилеп не се реализира програма за дневен (продолжен) престој.

Обемот и разновидноста на планираните и реализираните вонаставни активности со учениците се многу добри.

Во училиштето слободните ученички активности , секции за проширување/продлабочување на содржините од наставните предмети.

Оваа учебна година се планирани и реализирани излети со кои се опфатени сите ученици од прво до деветто одделение. Има согласност за реализации на екскурзии за трето, шесто, деветто одделение, како и научни екскурзии за четврто и осмо одделение.

Во училиштето се планираат и организираат натпревари

Опфатеноста на учениците во вонаставни активности е добра.

Училиштето прибира податоци и изготвува извештаи и анализи за постигањата на учениците. Се изготвуваат тримесечни, полугодишни и годишни извештаи од страна

на стручната служба во кои се дадени податоци за постигањата на учениците според образовни периоди, паралелки и наставни предмети. За истите освен во пишана форма, се изготвени и презентации кои се презентираат на наставнички совет , совет на родители и УО.

Училиштето има изготвено распорет за реализација на дополнителна и додатна настава,

Во училиштето се спроведуваат голем број на советувања на родители од страна на психологот и педагогот после секој одделенски совет за што се води уредна евиденција. Учениците учествуваат на натпревари кои се организираат на општинско , регионално и државно ниво , исто така во училиштето се организира и мегународен натпревар “Кенгур“.

Училиштето учествува и на литературни и ликовни конкурси, како и конкурси организирани од Локалната самоуправа Прилеп.

Училиштето има податоци за опфатот на учениците од својот реон и ги опфаќа учениците од својот реон. Постапката за премин на ученици од едно во друго училиште се почитува во целост.Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците.

Училиштето го следи осипувањето на учениците според пол и етничка припадност, ги анализира причините и во соработка со локалната самоуправа, МОН и други невладини организации превзема мерки за намалувањето на бројот на ученици кои не го продолжиле образованието.

Во училиштето во последните три учебни години има голем број на ученици кои ја повторувале годината и тоа: 2020/2021 - 270 , 2021/2022 год. има 250, во 2022/ 2023 год. се 314. Причината за истото е од нередовно посетување на наставата или од непосетување на наставата во најголем број од страна на учениците Роми.

Во училиштето има пропишана процедура за подршка и следење на планирањата на наставниците. Секоја учебна година од редот на наставниците се формира комисија за следење на планирањата на наставниците Сите наставници изработуваат годишни и тематски планирања, како и оперативни планови за наставен час, во согласност со наставните програми и насоките за планирање и организација на наставата..Освен за редовната настава, наставниците имаат изготвено планови за додатна и дополнителна настава и планови за слободните ученички активности. За ученик со посебни образовни потреби,наставниците кои му предаваат изготвуваат индивидуални образовни планови.

Училиштето изработува распоред на часови, а за учениците од прво до шесто одделение, распоредедот на часовите е вграден во неделното планирање на наставниците.

Од посетените наставни часови се констатира дека, поголем број од наставниците, наставата ја реализираат применувајќи различни наставни форми и методи, техники на учење и техники на оценување и наставниците при реализација на наставата користат информатичка компјутерска техника. Во училиштето има интернет конекција.

Наставата по предметот физичко и здравствено образование се реализира во многу добри услови (училишна спортска сала, опремена со спортски справи и спортски реквизити, како и на опремено повеќе наменско игралиште).

Во училиштето се реализираат часови по хор и оркестар.

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Наставниците се обучени за примена на стандарди во оценувањето. Наставниците имаат сопствени критериуми за оценување

врз основа на стандардите за оценување, за сите програми според кои реализираат настава.

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Родителите добиваат пишани извештаи со информации за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет (евидентни листови) на тримесечие и свидетелства на крајот на учебната година. Најголем број од наставниците редовно ги ажурираат податоците во Е-дневникот.

Инфраструктурата во училишната зграда е многу добра, безбедна и нема место што претставува потенцијална опасност од повреда на учениците. Училишниот двор е целосно ограден и безбеден.

За 1 ученик со посебни потреби училиштето обезбедило образовен асистент. За 6 ученици -роми со потешкотии во учењето од второ и трето одделение, обезбедени се 6 лица - тутори. Редовноста на учениците и уписот во прво одделение ги помагаат 2 лица - медијатори за Роми. Училишниот дефектолог по даден распоред работи со учениците од прво одделение за подобрување на говорот.

Пристапот во училишната зграда е прилагоден за влез на лица со физички хендикеп, односно, во централно училште има поставено пристапна рампа, а во долното училиште има надворешен лифт до првиот кат. Истотака, има тоалети за лица со физички хендикеп.

За наставниот кадар, на почетокот на секоја учебна година се вршат санитарни прегледи, за кои прегледи се водат санитарни книшки. Се вршат и редовни систематски прегледи (на две години), за кои прегледи училиштето добива повратна информација за работната способност на вработените. Последниот систематски преглед на вработените е извршен во 2022 година.

Училиштето располага со процедура за грижа за ученици кои долготрајно не посетуваат настава поради болест.

Во состав на Годишната програма за работа на училиштето е Програмата за професионална ориентација на учениците.

Со учениците од осмо и деветто одделение, се организираат активности од Професионална ориентација, а во соработка со АВРСМ Прилеп.

Средните училишта, при посета на училиштето, преку презентации, флаери и брошури ги запознаваат учениците со програмите кои се реализираат во средното образование.

Во своето опкружување е препознатливо по мешаниот состав на учениците, соживотот, својот наставен кадар, по постигањата на учениците во воннаставните активности, соработката со заедницата, реализацијата на проекти, опременоста, како и инфраструктурни подобрувања во последните години.

Училиштето е инклузивно, се грижи за здравјето на сите ученици, ги негува родовата еднаквост и мултикултурализмот, ги поттикнува и ги вклучува поголемиот број од учениците и дел од родителите во училишниот живот. Нема појава на дискриминација и сегрегација на учениците. Постои појава на избегнување на запишување на ученици во прво одделение во ова училиште, заради предрасуди на родителите ме Роми.

Наставничкиот кадар е доста почитуван од страна на учениците и родителите. Во училиштето се видливи позитивните меѓучовечки односи.

Училиштето добро презема активности за да ги промовира постигањата на учениците. Најголемиот број наставници го користат пофалувањето како начин на мотивирање за поголеми постигања.

Добар број родители се вклучуваат во работилници и во дел од воннаставните активности. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето.

Училиштето активно е вклучено во животот на општината преку спроведување на многубројни заеднички активности во соработка со јавните установи во општината, како и проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата. Училиштето често и добро соработува со деловната заедница во насока на обезбедување на средства за подобрување на условите за работа на училиштето и за реализирање на воннастаните активности.

ООУ„Добре Јованоски“ – Прилеп во својот состав нема подрачни училишта, но заради недостаток на училници во Централното , училиштето користи помошен објект кој се користи за изведување на настава на шест паралелки во две смени кој е во сопственост на Центарот за воена обука „Лазо Филиповски Лавски“ – Прилеп во населба Тризла.

Во оваа учебна година, во централното училиште настава посетуваат вкупно 1238 ученици од I до IX одделение, распоредени во 54 паралелки.

Училишниот простор нецелосно ги исполнува условите за изведување настава во две смени.

Опременоста на училиштето со наставни нагледни средства и други технички помагала е мн.добра. Училишната библиотека располага со 1062 наслови и 9833 примероци од кои 67 наслови со 2067 примероци училишна лектира, стручна литература и литература од различен жанр (романи, драмски дела, збирки песни, приказни, басни и слободна литература) со 849 наслови и 7649 примероци , 17 толковни речници, стручна и методичка литература 192 и литература на странски јазици 129 наслови со 176 примероци. За обновување и дополнување на книжниот фонд, посебно за лектирни изданија училиштето континуирано врши набавки во рамките на своите можности. Последната набавка е направена со поддршка од Советот на родители и набавени се 465 лектирни изданија од 17 наслови.

Училиштето има обезбедено соодветен наставен кадар за реализирање на воспитно-образовниот процес, освен за предметите хемија (замена за породилно боледување) техничко образование и информатика

Во училиштето има Програма за професионален развој на наставниците, се води грижа за идентификување на потребите за професионална надградба на наставниците. Наставниците имаат Лична професионална програма и професионални досеја.

Управувањето, раководењето и финансиското работење во училиштето е во рамките на надлежностите кои ги имаат директорот и Училишниот одбор. Училиштето има донесено финансиски план за 2024 година за сметка 903 (арх.бр.05-22/1 од 11.01.2024 год.), финансиски план за 2024 година за сметка 787 (арх.бр.05-23/1 од 11.01.2024 год.), финансиски план за 2024 година за донаторска сметка (арх.бр.05-24/1 од 11.01.2024 год.). Училиштето има План за јавни набавки за 2024 година со(арх.бр. 05-46/1 од 29.01.2024 година). Во врска со јавните набавки, училиштето формира Комисии за јавни набавки (членови и заменици за секоја јавна набавка посебно , согласно ЗЈН).

Училишниот одбор (УО) е конституиран согласно законската регулатива. Училишниот одбор ги извршува своите законски обврски. Членови на УО се со легитимен мандат. За сите членови на УО реализирани се обуки заради успешно извршување на улогата на управување. Соработката на УО со родителите, директорот и локалната самоуправа е добра.

Директорот на училиштето, како раководен орган, има професионален однос кон работата и како приоритет на своето работење го става подобрувањето на условите за работа на училиштето, дисциплината и постигањата на учениците. Работењето на раководниот орган е засновано на тимска работа и во таа насока донесува одговорни одлуки.

За учебната 2023/2024 година, училиштето има изготвено Годишна програма за работа истата усвоена од Советот на општина Прилеп

Има формирано тим за меѓуетничка интеграција , која има програма за работа

Училиштето има изработено Самоевалуацијаза период од две години.

Училиштето има изготвено Програма за развој за период од четири години

Во училиштето формиран е инклузивен тим за работа со деца со посебни потреби изработено Во училиштето има еден ученик со посебни образовни потреби За тој ученик има формирано инклузивен тим за детето.

Училиштето има регистрирано Училишен спортски клуб УСК „Добре Јованоски 2014“ -Прилеп. Во 2014 год. е извршена пререгистрација на клубот

Статутот на училиштето е донесен од страна на УО (арх.бр.01-643/1 од 11.12.2019 година)и има согласност од МОН

## КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

ООУ „Добре Јованоски“ Прилеп е централно училиште во месната заедница „Тризла“ на ул. „11-ти Октомври“ бр. 145. Училиштето се состои од две згради од кои едната-централната е изградена во 1955 година, а втората лоцирана на ул. „Адем Адемоски“ бр. 1 изградена е во 1922 година.

Основано е со Одлука бр. 01-5571/1 од 27.06.1962 година од страна на Општина Прилеп. Верифицирано е со Решение бр. 09-67/1 од 17.03.1986 година од страна на

Секретарјатот за општествени служби и општа управа при Собрание на општина Прилеп. Има Решение за верификација од МОН за дооформување на образование за возрасните бр. 10-877/3 од 09.06.2006 година. Запишано е во централен регистар на РМ под ЕМБС 4015754.

Наставата се реализира на македонски наставен јазик во две смени за сите ученици од прво до деветo одделение.

Во учебната 2023/24 година наставата ја посетуваат 1238 ученици распоредени во 54 паралелки, од кои во централната зграда 48 и 6 во втората зграда и тоа сите паралелки од четврто одделение.

Во однос на родовата застапеност на учениците 657 се машки и 581 се женски.

Наставата се реализира на македонски наставен јазик , а учениците се од македонска и ромска националност.

Настава реализираат 74 наставника. Во однос на начинот на засновање на работниот однос 56 наставници се вработени на неопределено време со полн фонд на часови, 16 наставници се вработени на определено работно време со полн фонд на часови и 2 - наставници на определено работно време со неполн фонд на часови.Во училиштето има еден наставник со звање наставник - ментор . Од вкупниот број наставници 8 наставници приправници од кои еден е по техничко образование ,еден е по ФЗО чиј ментор е наставникот со звање ментор, 1 географија чиј ментор е од друго училиште наставник со звање ментор, 1 историја чиј ментор е од друго училиште наставник со звање ментор , 3 одделенска настава од кои на две им се ментори наставници со звање ментор од друго училиште и на една и е ментор наставник по одделенска настава од матичното училиште , еден англиски јазик чиј ментор е наставник од друго училиште каде што претходно работела. Во училиштето има 5 стручни соработноици. Во училиштето има еден образовен асистент. Во училиштето од страна на МОН има ангажирано 3 медијатори.

Поголемиот дел од наставниот кадар ги исполнува условите за работа согласно законот, освен за предметите хемија (замена за породилно боледување) техничко образование и информатика е ангажиран несоодветен наставен кадар.

# 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1. Реализација на наставните планови и програми

Воспитно образовната работа во ООУ „Добре Јованоски“ - Прилеп се остварува врз основа на наставните планови и програми за деветгодишно основно образование, наставните програми по Кембрич (во III одделение, природни науки во VI одделение, биологија од VII одделение до IX одделение, хемија и физика во VIII одделение и IX одделение), како и за учениците од I, II, IV и V одделение по Концепцијата за основно образование. Применуваните наставни планови и програми се во согласност со

програмските документи кои се изготвени од Бирото за развој на образованието и одобрени од Министерот за образование и наука.

Директорот и стручната служба на училиштето пред почетокот на учебната година, ги запознаваат наставниците со новините и измените во наставните планови и програми. Наставниците кои реализираат настава во I, II и IV, V одделение имаат посетено обука за реализација на наставата по новата Концепција за основно образование, каде се запознаваат со целите и задачите и другите елементи од наставните програми преку семинари. Наставниците во рамките на стручните активи планираат активности и разменуваат искуства и идеи при изготвување на планирањата. Поголемиот број наставници во своите подготовки за час планираат диференцирани активности за ученици со потешкотии во учењето и за таленитрани ученици. За учениците од I, II, IV и V одделение се изработуваат годишни планирања, неделни планирања и сценарио за наставен час. Изготвените годишни и тематски планирања наставниците ги доставуваат во училиштето најдоцна до 15 септември, каде се прегледувани од училишна комисија. Планирањата на наставниците континуирано се следат од страна на стручната служба во училиштето и истите се проверуваат најмалку двапати годишно. Истотака се проверуваат при посети на час од страна на директорот и стручната служба. Оваа учебна година посетени се 74 часа.

Во училиштето се реализираат програми за хор и оркестар.

Наставната програма по физичко и здравствено образование во училиштето се реализира во целост, во две спортски сали и на спортското повеќенаменско игралиште во училишниот двор.

Во училиштето се реализираат програми од проектите: ЕКО, ОХО, МИМО, Еразмус (К1 и К2 програми), „Отворете ги прозорците“, „Инклузивно образование на ранлива група ученици и на маргинализирани ученици“, „Диференцирана настава во инклузивна училница“, Антикорупциска едукација, и друго.

Училиштето има формирано Училишен инклузивен тим кој има изготвено програма за работа. Во училиштето е идентификуван 1 ученик со ПОП, за кој е формиран инклузивен тим за детето. Сите наставници кои реализираат настава во паралелката на ученикот со посебни образовни потреби, работат по сопствен изработен ИОП.

Раководителите на одделенијата на почетокот на учебната година ги запознаваат родителите со наставниот план и наставните програми според кои се изведува наставата. Училиштето има изработено брошура со која се запознаваат учениците и родителите за наставните планови и програми и другите активности на училиштето.

Изборот на наставните предмети од листите со најмалку 3 изборни предмети од наставниот план го вршат учениците, во согласност со нивните родители. Согласно наставните планови, преку анкетирање се спроведува постапката за изборни предмети за учениците од VI до IX одд., и изборни предмети во IV и V одд. согласно новата концепција. Во училиштето е избран да се изучува германски јазик, како втор странски јазик.

Во училиштето се реализира програма за образование за возрасни лица, за што училиштето има верифицирано дејност (решение бр. 10-877/3 од 09.06.2006 год.). Во изминатата учебна година своето основно образование го дооформиле 22 возрасни лица.

Во ООУ „Добре Јованоски“ - Прилеп не се реализира програма за дневен (продолжен) престој. Истиот се реализирал во училиштето до 2020 година. Училиштето располага со проширена програма за прифаќање на учениците еден час пред и по наставата, но за истото нема заинтересирани родители.

## 1.2. Квалитет на наставните планови и програми

Наставниците ги изработуваат годишните и тематските планирања , како и оперативен план за наставен час во согласност со наставните програми, насоките за планирање и организација на наставата и годишната програма за работа на училиштето. Во наставните планови и програми има примери на родова и етничка рамноправност, како и мултикултурни содржини. Истотака има примери на вградување на интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми, а особено во вонаставните активности.

Има мал број примери на вградување на меѓупредметните цели во плановите и програмите, како развивање на самодоверба, иницијативност, одговорност, почитување на различностите и др. Ова најчесто е при планирање и реализирање на групни форми на работа на час, често кај изборните предмети, и кај вонаставните активности.

Делумно е влијанието на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми.

## 1.3. Вонаставни активности

Обемот и разновидноста на планираните и реализираните вонаставни активности со учениците се многу добри.

Во училиштето слободните ученички активности се застапени како: слободни активности за проширување и продлабочување на знаењата и способностите на учениците, излети и екскурзии, културно-уметнички активности, спортски активности, натпревари. Слободните ученички активности се реализираат на наставни часови предвидени со распоредот на часови.

Во училиштето планирани се секции за проширување/продлабочување на содржините од наставните предмети/области и тоа: библиотекарска, литературна, рецитаторско/драмска, англиска, секција за германски јазик, математичка, ликовна, историчарска, секција за ТО/информатика секција, млади природници, секција од граѓанска култура и слободни спортски активности.

Оваа учебна година се планирани и реализирани излети со кои се опфатени сите ученици од прво до деветто одделение. Има согласност за реализации на екскурзии за трето, шесто, деветто одделение, како и научни екскурзии за четврто и осмо одделение.

Во училиштето се планираат и организираат натпревари кои имаат цел да се развива натпреварувачкиот дух, да се прошират и збогатат знаењата, да се развива и негува другарството, остварување контакти со учениците од други средини. За учениците што покажуваат особен успех по одделни наставни предмети се организираат натпревари на општинско, регионално и државно ниво. Учениците учествуваат на акредитирани натпревари кои ги организираат акредитирани здруженија на наставници.

Училиштето има регистрирано Училишен спортски клуб УСК „Добре Јованоски 2014“ -Прилеп. Во 2014 год. е извршена пререгистрација на клубот. Истиот е доста активен и постигнува многу резултати со учениците од обласна на футсал, кошарка, фудбал, одбојка, ракомет и друго.

Опфатеноста на учениците во вонаставни активности е добра. Има мал број примери на вклученост на учениците при изборот и планирањето на работата на вонаставните активности.

Училиштето добро се афирмира преку спроведувањето на вонаствни активности, особено при реализирање на патронен празник, денот на Ромите, одбележување на

други празници и датуми, како и учество на локални настани („Прочка“), а на меѓународен план - при реализација на Еразмус активностите со ученици со мешан етнички состав, кои се реализираат од 2019 година и во соработка со училишта од Турција, Полска, Романија и др.

## 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

### 2.1. Постигања на учениците

Училиштето прибира податоци и изготвува извештаи и анализи за постигањата на учениците. Се изготвуваат тримесечни, полугодишни и годишни извештаи од страна на стручната служба во кои се дадени податоци за постигањата на учениците според образовни периоди, паралелки и наставни предмети. За истите освен во пишана форма, се изготвени и презентации кои се презентираат на наставнички совет , совет на родители и УО.

Во однос на запишани ученици во училиштето може да се констатира дека вкупниот број на ученици во 2021/22 година е 1252, во 2022/23 година е 1256. Во оваа учебна 2023/24 година бројот на запишани ученици е 1238.

Изготвените анализи покажуваат дека средниот успех на учениците за последните три учебни години изнесува: 3,09 за 2020/2021, 3,08 за учебната 2021/2022 година , 3.20 за учебната 2022/2023 година.

Училиштето има изготвено распорет за реализација на дополнителна и додатна настава, истиот е истакнат на огласна табла во училиштето и доставен до Државниот просветен инспекторат. Додатната настава се реализира поинтензивно пред одржување на натпревари.

Училиштето по поголемиот број на предмети организира дополнителна настава за учениците кои покажуваат слаб успех и имаат потешкотии во учењето.

Училиштето организира заеднички активности (наставни и воннаставни) со ученици од мешан етнички состав, во рамките на училиштето. Училиштето има формиран тим за меѓуетничка интеграција во образованието, има изготвена програма за работа.

Во училиштето се спроведуваат голем број на советувања на родители од страна на психологот и педагогот после секој одделенски совет за што се води уредна евиденција. Во училиштето се ангажирани и три ромски образовни медијатори (за еден има најава дека ке се повлечи поради преселување во Скопје)

Учениците учествуваат на натпревари кои се организираат на општинско , регионално и државно ниво , исто така во училиштето се организира и мегународен натпревар “Кенгур“.

Во последните три години имаат учество и освоено награди на општински и регионали натпревари и тоа:

2021/22 година освоени награди по: Млади библиотекари (1 место општинско и 2 место републичко ),Библиотекарство на државен натпревар освоено прво место,Биологија на државен натпревар освоени едно второ и едно трето место, Биологија учествувале 4 ученици од 9 одд. и еден ученик од 8 одд. и освоиле 1 место на општински натпревар, еден ученик е пласиран за регионален натпревар по физика, природни науки учествувале три ученици и освоиле втора награда на општински натпревар, математика една прва награда, една втора и две трети награди на општински натпревар, по повод „ Денот на мајчиниот јазик “ еден ученик учествувал и освоил прво место, англиски јазик на општински натпревар освоени две први места, три втори места и едно трето, учество на награден конкурс „Литературни творци“ едно прво,едно второ и едно трето место, на регионален натпревар по биологија освоени една прва, една втора и три трети награди, на регионален натпревар по Природни науки учествувале три ученици и освоиле трета награда, на регионален натпревар по англиски јазик се освоени едно прво место, пет втори и две трети места. На општинскиот натпревар кој е организиран од општина Прилеп – „Детска трка по стапките на Крали Марко“ се освоени две трети места.

2022/23 година освоени награди по: Физика два ученици пласман на регионален натпревар, учество во општински натпревар за „Прочка “ – изработка на маска освоено второ место и групна маска прво место, општински натпревар по хемија две втори места и три трети места, општински натпревар по математика освоени три трети места, регионален натпревар по математика една втора награда, општински натпревар по географуја еден ученик со пласман за регионален натпревар, општински натпревар по биологија со освоено едно второ и шест трети места, општински натпревар по англиски јазик со освоени три втори награди, регионален натпревар на Млади техничари и природници со освоени 6 први места, две втори и едно трето место, државен натпревар на Млади техничари со освоено едно прво(иновации) и едно второ место(географија), регионален натпревар по хемија со освоено трето место, регионален натпревар по биологија со освоени две трети награди

2023/24 година освоени награди по: општински натпревар по математика со освоени две трети места, по биологија две први и три втори награди, по природни нуки една прва, една втора и шест трети награди, регионален натпревар по германски јазик со освоени едно второ и едно трето место, општински натпревар по иновации со освоени три први места, „Светски ден на поезијата“ –едно прво,едно второ и едно трето место, регионален натпревар по биологија со освоени една прва, три втори и две трети награди. Регионален натпревар по природни науки со освоени една прва, една втора и две трети награди. Во оваа учебна година учениците кои освоиле први места на регионален натпревар ке одат на државен натпревар.

Училиштето учествува и на литературни и ликовни конкурси, како и конкурси организирани од Локалната самоуправа Прилеп.

### 2.2. Задржување/осипување на учениците

Училиштето има податоци за опфатот на учениците од својот реон и ги опфаќа учениците од својот реон. Податоците ги добива од единицата на локалната самоуправа, но има значителен број на деца од ромската заедница кои не се опфатени во процесот на наставата. Причините за незапишувањето на децата роми во прво одделение се различни, заминување со своите родители во странство, преселување во друга општина, но одреден број не се запишуваат заради негрижа од страна на родителите. Во таков случај училиштето поднесува соодветна пријава до соодветниот надлежен орган.

Постапката за премин на ученици од едно во друго училиште се почитува во целост.

Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците.

Во однос на изостаноци во училиштето е голем бројот на учениците кои нередовно или воопшто не посетувале настава така што во учебна 2020/21 година направени се вкупно 35 943 од кои оправдани се 17 493 и неоправдани 18 450, во учебна 2021/22 година направени се вкупно 52 776 од кои 30 653 оправдани и 22 113 неоправдани изостаноци и во учебната 2022/2023 година направени се вкупно 50 883 од кои 25 852 оправдани и 25031 неоправдани изостаноци.

Редовноста на учениците не задоволува. Училиштето систематски ја следи редовноста на ученците (по одделенија, паралелки, според пол, етничка припадност, социјалната состојба на родителите), ги анализира причините за одсуствата од настава и превзема мерки за подобрување на редовноста. Мерките кои ги превзема училиштето не се ефективни за надминување на состојбите. Податоците од извршените анализи на редовноста на учениците во последните три години покажуваат тренд на зголемување на одсуствата во однос на оправданите и неоправданите изостаноци.. Бројот на неоправданите одсуства заначително е поголем кај учениците од ромската заедница во однос на припадниците од макдонската заедница.

Училиштето има Правилник за изрекување на педагошки мерки, има тим за поддршка за учениците за кои е изречена педагошка мерка, тимот изготвува Акциски план за работа со ученикот во зависност за што е изречена педагошката мерка и Евединтна листа за евиденција на напредокот.

Во однос на оценување по поведение во последните три години сите ученици се оценети со примерно поведение.

Одделенските раководители во соработка со стручната служба, редовно имаат советодавни средби со родителите со цел нивно информирање и советувања, се изрекуваат педагошки мерки на учениците, но мерките кои се превземаат не

допринесуваат за намалување на одсуствата на учениците. Изостанувањето на учениците, а посебно учениците од ромската заедница е во корелација со образовното ниво на нивните родители и социо-економската положба на семејствата од кои доаѓаат овие ученици. За превземените мерки во училиштето постои соодветна документација. Во училиштето нема интерна пишана процедура за давање помош на ученици кои подолго време не посетувале настава, поради престојување во странство.

Училиштето го следи осипувањето на учениците според пол и етничка припадност, ги анализира причините и во соработка со локалната самоуправа, МОН и други невладини организации превзема мерки за намалувањето на бројот на ученици кои не го продолжиле образованието.

Бројот на ученици кои не го продолжиле образованието поради надминување на старосната граница со полни 16 години во учебна 2020/21 година е 15 ученици, во учебната 2021/22 година е 16 ученици, а во учебната 2022/23 година е 28 ученици. Од приложените податоци може да се заклучи дека бројот на ученици кои не го продолжиле образованието бележи тренд на зголемување. Во училиштето во соработка со МОН ангажирани се три лица медијатори за помош на терен за деца кои не се запишани и деца кои не ја посетуваат наставата. Учениците кои што во текот на наставна година го прекинуваат образованието, од страна на училиштето редовно се пријавуваат до ДПИ.

Во оваа учебна година по барање на родител од училиштето испишани се 3 ученици поради преместување во друго училиште, 33 ученици поради иселување и иселување во странство, од кои 10 ученици се вратени и го продолжиле образованието, а новодојдени од друго училиште се 13 ученици. Во училиштето се почитуваат законските прописи при премин на ученици од едно во друго училиште.

### 2.3. Повторување на учениците

Во училиштето во последните три учебни години има голем број на ученици кои ја повторувале годината и тоа: 2020/2021 - 270 , 2021/2022 год. има 250, во 2022/ 2023 год. се 314. Причината за истото е од нередовно посетување на наставата или од непосетување на наставата во најголем број од страна на учениците Роми.

Во последната учебна годна, во училиштето има голем број на ученици кои ја повториле годината. Училиштето ги анализира причините кои доведуваат до слаби резулатати во постигањата на учениците и превзема мерки резултатите да се подобрат, најчесто преку поддршка и помош во рамките на редовната настава и организирње на дополнителна настава, како и организирање на одделенски испити. Формирањето на групите за дополнителна настава, следењето, како и евидентирањето на исттите во е-девник е на добро ниво.

Училиштето ги запознава учениците и родителите за правото за поднесување на приговор доколку има некој незадоволен од постигнатиот успех на крајот на наставната година.

# 3.УЧЕЊЕ И НАСТАВА

## 3.1. Планирања на наставниците

Во училиштето има пропишана процедура за подршка и следење на планирањата на наставниците. Секоја учебна година од редот на наставниците се формира комисија за следење на планирањата на наставниците. Исто така во годишната програма за работа на педагогот се планирани активности за следење и поддршка на планирањата на наставниците. Годишните и тематските планирања, наставниците до стручната служба ги доставуваат на почетокот на учебната година. Сите наставници изработуваат годишни и тематски планирања, како и оперативни планови за наставен час, во согласност со наставните програми и насоките за планирање и организација на наставата. Наставниците во тематските планирања планираат цели, очекувани исходи, користење на ИКТ, активни методи, техники и стратегии, наставни средства и технички помагала, стандарди за оценување, еколошки содржини, содржини за меѓуетничка интеграција и друго.

Освен за редовната настава, наставниците имаат изготвено планови за додатна и дополнителна настава и планови за слободните ученички активности.

Во училиштето во второ одделение има запишан ученик со посебни образовни потреби. Наставниците кои му предаваат на ученикот со посебни образовни потреби изготвуваат индивидуални образовни планови.

Сите наставници кои предаваат од прво до шесто одделение при изготвување на планирањата користат стручни искуства од активи на наставници од други основни училишта. При планирањето наставниците разменуваат искуства со наставниците од својот актив, но и со други наставници од други училишта во градот. Планирањата на наставниците се следат од страна на директорот и стручната служба пред почетокот на учебната година, како и во текот на учебната година.

Училиштето изработува распоред на часови, а за учениците од прво до шесто одделение, распоредедот на часовите е вграден во неделното планирање на наставниците. Училиштето има изготвено распоред за дополнителна и додатна настава.

### 3.2. Наставен процес

Од посетените наставни часови се констатира дека, поголем број од наставниците, наставата ја реализираат применувајќи различни наставни форми и методи, техники на учење и техники на оценување. Но исто така се констатира дека не секогаш изборот на задачи и активности за време на часот е приспособен на индивидуалните образовни потреби на учениците.

Од посетените наставни часови се констатира дека наставниците при реализација на наставата користат информатичка компјутерска техника. Во училиштето има интернет конекција.

Училиштето располага со нагледни средства и технички помагала. Во училиштето инсталирани се 25 интерактивни табли и две SMART табли. Обезбедени се 40 лаптопи за наставниците и 300 таблети за учениците. Кабинетот по информатика е опремен со нови 16 PC за учениците, како и интерактивна табла, печатач и друга техника. Исто таа училиштето располага со опремен кабинет по хемија и природни науки.

Наставата по предметот физичко и здравствено образование се реализира во многу добри услови (училишна спортска сала, опремена со спортски справи и спортски реквизити, како и на опремено повеќе наменско игралиште).

Во училиштето се реализираат часови по хор и оркестар.

Училиштето ја реализира програмата „Интеграција на еколошка едукација во македонскиот образовен систем“. Активностите од меѓуетничка интеграција во образованието се реализираат согласно планираните активности на училиштето.

Условите кои ги има училиштето овозможуваат наставата целосно да се реализира во согласност со наставните програми за одделенска и предметна настава. Училиштето за сите ученици обезбедува подеднакви услови за изведување на наставата.

Наставниците ги запознаваат учениците со целите на учењето и очекуваните исходи. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата, но не секогаш се активни во процесот на учење. Наставниците задаваат домашни задачи за учениците и истите се задолжителни за секој ученик. Задачите што се задаваат се во согласност со наставните содржини кои ги изучуваат учениците и во согласност со упатството.

Најголем број од наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка, без да прават разлика меѓу учениците според пол, националност и социјално потекло.

Во годишната програма за работа на директорот и стручната служба, планирани се активности за посета на часови. Воспитно-образовната работа во училиштето се следи од страна на директорот и стручната служба. Секој наставник од страна на директорот или стручната служба е посетен на час најмалку два пати во текот на учебната година. За остварениот увид од следењето на наставниот процес се води евиденција, при што на наставниците им се дава повратна информација, најчесто непосредно по извршениот увид. Постојат индикатори за посета на час, со повратна информација до наставникот.

### 3.3. Искуство на учениците од учењето

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина за учење. Заедничкиот училиштен простор е естетски уреден, но трудовите на учениците недоволно се изложуваат на видни и соодветни места во училницата и во училиштето.

Училиштето низ организирани форми поттикнува и мотивира соработка меѓу учениците, негува интеркултурна комуникација и почитување на различностите.

Од спроведените анкети, најголем број од анкетираните ученици сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен, предавањата и објаснувањата на наставниците се јасни, наставниците и другите вработени со почит се однесуваат кон сите ученици, но поголем број од учениците се изјаснија дека немаат можност да користат компјутери на часовите. Учениците сметаат дека имаат можност да го кажат своето мислење и тоа да биде земено во предвид. Во училиштето формиран е ученички парламент.

### 3.4. Задоволување на потребите на учениците

Наставниот кадар и стручните соработници ги идентификуваат образовните потреби на учениците. Поголем број на наставниците во соработка со стручните соработници и инклузивниот тим, во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни способности да постугнуваат максимален личен развој.

Училиштето ги ангажира учениците во вонннаставни активности, општествено корисна работа, учество на натпревари и конкурси, со што се поттикнува и мотивира нивниот личен напредок.

### 3.5. Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Наставниците се обучени за примена на стандарди во оценувањето. Наставниците имаат сопствени критериуми за оценување врз основа на стандардите за оценување, за сите програми според кои реализираат настава.

Наставниците континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Оценувањето е јавно. Наставниците користат разновидни инструменти и методи за оценување. Помал број од наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа и насоки за подобрување на постигањата. Во одделенака настава сите наставници ги користат информациите добиени од оценувањето за да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата. Во предметна настава поголем број од наставниците ги користат информациите добиени од оценувањето за да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата. Во изминатите три учебни години, на крајот од наставната година, до наставнички совет нема доставено

приговор од страна на ученик односно родител, по однос на оценка за постигањата на учениците.

### 3.6. Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за постигањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката.

Родителите добиваат пишани извештаи со информации за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет (евидентни листови) на тримесечие и свидетелства на крајот на учебната година. Најголем број од наставниците редовно ги ажурираат податоците во Е-дневникот.

## 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

### 4.1. Севкупната грижа за учениците

Инфраструктурата во училишната зграда е многу добра, безбедна и нема место што претставува потенцијална опасност од повреда на учениците. Наставата се изведува во училници и кабинети, кои ги задоволуваат училишните стандарди. Прозорците во училниците и ходниците се целосно променети, со што е зголемена топлинската ефикасност.

Училиштето се наоѓа непосредно до локален пат, на кој има обележано пешачки премин и има соодветна сообраќајна сигнализација. На главниот влез е поставена заштитна рампа, а на приземните прозорци има решетки. Училишниот двор е целосно ограден и безбеден.

За 1 ученик со посебни потреби училиштето обезбедило образовен асистент. За 6 ученици -роми со потешкотии во учењето од второ и трето одделение, обезбедени се 6 лица - тутори. Редовноста на учениците и уписот во прво одделение ги помагаат 2 лица - медијатори за Роми. Училиштето прави големи напори за подобрување на редовноста на учениците и уписот во прво одделение, односно наставниците и педагошко-стручната служба континуирано водат советодавни разговори со учениците и родителите, вршат посети по нивните домови, реализираат предавања, дискусии, и др. Педагошко-стручната служба во соработка со наставниците ги реализира програмите за: препознавање и идентификување на талентирани и надарени ученици,

за ученици со потешкотии во учењето и за грижа за ученици со долготрајни физички, ментални, интелектуални или сетилни оштетувања. Во соработка со Центарот за социјални работи - Прилеп, 3 ученици се сместени во згрижувачки семејства.

Училиштето е многу добро опремено со асистивна технологија. Располага со целосна опрема за поддршка на ученикот со оштетен вид (Брајева машина) и друга асистивна технологија и дидактички материјали. Училиштето располага со ресурсна соба.

Училишниот дефектолог по даден распоред работи со учениците од прво одделение за подобрување на говорот.

За оваа учебна година училишните објекти се осигурани и училиштето има спроведено постапка за осигурување на вработените лица и учениците. Во училиштето има обучено 10 вработени лица за давање на прва помош на лица при несреќа и на 3 места има материјал за давање на прва помош. Сите вработени поминале обука за безбедност при работа. Училиштето има изготвено Елаборат за заштита од пожар, експлозии и опасни материи, а 2 лица се обучени за ракување со противпожарен апарат. На видни места има поставено предупредувања (со обоени места или знаци).

Училишните објекти (централното и долното) се под видео надзор, односно се поставени видео камери на 20 локации, чиј 24 часовен сигнал се следи на компјутерот во канцеларијата кај директорот, а поставен е и алармен систем. Во училиштето има униформирано лице од агенција за обезбедување, а вработени се и 2 ноќни чувари.

Во текот на оваа учебна година, изведени се 2 симулации за постапување во случај на елементарна непогода. Истотака, изведена е и показна вежба за постапување при дојава за бомба.

Минатата учебна година извршено е тестирање на воздухот за присуство на радон во воздухот и резултатите се добри.

Громобранската инсталација е проверувана во 2021 година и истата е во исправна состојба. Истотака, во 2023 год. е проверувана нисконапонската електрична инсталација.

Во училиштето има 4 хидранти, кои се проверувани и задоволуваат. Училиштето располага со 18 против пожарни апарати, кои се сервисирани.

Пристапот во училишната зграда е прилагоден за влез на лица со физички хендикеп, односно, во централно училште има поставено пристапна рампа, а во долното училиште има надворешен лифт до првиот кат. Истотака, има тоалети за лица со физички хендикеп.

За време на одморите се организираат дежурства од наставници по ходниците, од страна на наставниците по изготвен распоред, кој е истакнат на видно место, а од училишниот разглас се пушта музика и се читаат соопштенија.

Во сите ходници, училници и кабинети има поставено завеси или ролетни на прозорците, за подобра видливост на часот.

На учениците од прво одделение во соработка со општина Прилеп, им се нуди готова пакувана храна од понудувач (овошје и бели пецива - по програма од нутриционист), каде е проверена исправноста на храната.

Во училиштето нема организирана исхрана за учениците. Учениците храна си носат од дома или купуваат од блиските маркети или продавници за храна. Училиштето извршило проверка на исправноста на храната од блиските продавници за храна. Училиштето секојдневно води кампања за здрава исхрана на учениците.

Училиштето води политика за забрана на пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични средства. Во училишната зграда има

истакнати забрани за пушење, алкохол и наркотици. Се реализираат работилници, советодавни разговори и предавања со учениците на овие теми, од страна на училишниот педагог, дефектолог, социјален работник и психолог, во соработка со Центарот за јавно здравје - Прилеп. Во училиштето не се евидентирани појави на пушење и конзумирање на алкохол, но стручната служба има сознанија за користење на наргиле („шиша“), електронски цигари и енергетски пијалоци од страна на учениците. Училиштето во континуитет и преку разни методи води кампања за здрав начин на живот. Располага со процедура за регистрирање на појава на пушење, конзумирање на алкохол и наркотични супстанции и со програма за превенција од цигари, дрога и други наркотични и психотропни супстанции, алкохол и енергетски пијалоци. При ова училиштето соработува со релевантни установи од општината.

Училиштето има Куќен ред. Исто така во училиштето се донесени Кодекси на однесување на ученици, родители и наставници за време на наставата. Истите добро се почитуваат. На видно место е поставен и Кодекс на облекување на учениците.

Во училиштето се забранува секаков вид на насилство. Во училиштето постои тим и програма за превенција од насилство. На видно место е поставена кутија за пријавување на насилство и одредено е контакт-лице за пријавување на насилство. Во училиштето се санкционира секаков облик на насилство од страна на учениците и возрасните. На одделенските часови се обработуваат теми за ненасилно однесување и мирно разрешување на конфликти. Во последните три години не се забележани сериозни појави на насилство.

Во училиштето има програма за грижа за ученици од социјално загрозени семејства. Училиштето преку одделенските раководители и педагошко-стручната служба обезбедува  материјални средства за учениците, кои заради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како и другите ученици. Во училиштето се организираат хуманитарни акции од страна на вработените и учениците (финасиски средства, храна, облека, обувки, униформа, училишен прибор, помош за полуматура). Во училиштето наставниците имаат доброволен фонд за храна за ученици. Има 154 ученици од социјално загрозени семејства, кои користат финансиска поддршка. При ова училиштето добро соработува со Центарот за социјални работи - Прилеп.

### 4.2 Здравје

Во училниците, кабинетите и ходниците има корпи за отпадоци, а училиштето се грижи учениците да ги фрлаат отпадоците во нив. Отпадоците се селектираат (хартија и друг отпад). На 3 локации се селектира електронски отпад.

Училиштето многу добро располага со потрошен материјал, средства, машини и алати за хигиена (2 машини за чистење на подови, индустриска правосмукалка, дувалка за лисја, 2 косилки за трева, алатка за чистење WC-простории под притисок и др.). Подовите во училниците, кабинетите, ходниците, скалите и санитариите, редовно се чистат. Во ученичките тоалети е чисто и има течен сапун. Одржувањето на хигиената од страна на 8 хигиеничари и 1 хаусмајстор во училниците, ходниците, канцелариите, санитарните јазли, спортските сали, училишните дворови, и во останатиот училишен простор е добро. Истите носат заштитна униформа.

Во текот на оваа учебна година двапати е извршена дезинфекција, дезинсекција и дератизација. Во 2022 год. извршено е бојадисување на училници и ходници.

Во состав на Годишната програма за работа на училиштето е и Програмата за грижата за здравјето на учениците, во која се планираат и потоа се реализираат редовните активности (вакцинации, систематски прегледи), како и предавања за здрав

развој, здрава храна, хронични болести, болести на зависност, превенција од насилство итн., а во соработка со Центарот за јавно здравје – Прилеп.

Согласно календарот за здравствена заштита на учениците, се организираат редовни систематски прегледи (систематски прегледи за учениците од I и VII одделение) и вакцини за учениците, кои се вршат во ЈЗУ Општа болница - Прилеп, вон наставата. Сите ученици во прво одделение се целосно вакцинирани.

За наставниот кадар, на почетокот на секоја учебна година се вршат санитарни прегледи, за кои прегледи се водат санитарни книшки. Се вршат и редовни систематски прегледи (на две години), за кои прегледи училиштето добива повратна информација за работната способност на вработените. Последниот систематски преглед на вработените е извршен во 2022 година.

Училиштето располага со процедура за грижа за ученици кои долготрајно не посетуваат настава поради болест. Се реализираат активности преку стручната служба и одделенските раковиодители, за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди, подолго време отсуствуваат од редовната настава. Во оваа учебна година нема такви ученици.

### 4.3.Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Во состав на Годишната програма за работа на училиштето е Програмата за професионална ориентација на учениците.

Со учениците од осмо и деветто одделение, се организираат активности од Професионална ориентација, а во соработка со АВРСМ Прилеп.

Средните училишта, при посета на училиштето, преку презентации, флаери и брошури ги запознаваат учениците со програмите кои се реализираат во средното образование. На отворените денови кои ги организираат средните училишта, се врши презентација за образовните струки и профили кои се изучуваат во средните училишта. Учениците навремено се информирани за објавените конкурси за запишување на ученици во средното образование. Педагошко-стручната служба добро води евиденција каде учениците го продолжуваат средното образование. Минатата учебна година 7 ученици не се запишале во средно образование (оженети/омажени или заминати во странство).

Училиштето располага со процедура за грижа за ученици со емоционални потешкотии. Идентификувани се случаи на ученици со емоционални потешкотии, со кои во училиштето добро се спроведуваат соодветни мерки од страна на педагошко-стручната служба, а во соработка со одделенските наставници.

Истата реализира активности од процедура за грижа кон ученици кои потекнуваат од неповолно социо-економски, културни и/или јазични деприривирани средини. Во голем обем се спроведуваат разни активности и мерки за поддршка на овие ученици, се посетуваат нивните домови, се водат советодавни разговори, се вклучуваат во вонаставни активности, се соработува со инспекторот за малолетничка деликвенција и др.

### 4.4.Следење на напредокот

Наставниците водат евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик во електронскиот дневник (Е-дневник) на паралелката. Дел од наставниците изготвуваат портфолио на учениците, каде се следат постигањата на учениците. Во училиштето навремено се изготвуваат полугодишните и годишните извештаи за успехот и поведението на учениците. Целокупната евиденција и документација им е достапна на учениците, родителите и сите други заинтересирани страни.

Запознавањето со постигањата на учениците се врши преку родителски средби, издавање на свидетелствата и евидентни листови. Истотака, на училишниот разглас се чита извештај за постигнатиот успех по паралелки.

Наставниците подготвуваат редовни извештаи за успехот на учениците, по квартали, за својата паралелка. Извештаите според паралелки им се доставуваат на увид на педагошката служба и на раководниот кадар и се достапни за сите други наставници, родители и за самите ученици.

Училиштето располага со податоци за успехот на учениците кои се запишале во средно образование, според кои успехот не отстапува.

# 5. УЧИЛИШНА КЛИМА

## 5.1. Училишна клима и односи во училиштето

. Во своето опкружување училиштето е препознатливо по мешаниот состав на учениците, соживотот, својот наставен кадар, по постигањата на учениците во воннаставните активности, соработката со заедницата, реализацијата на проекти, опременоста, како и инфраструктурни подобрувања во последните години.

Училиштето е инклузивно, се грижи за здравјето на сите ученици, ги негува родовата еднаквост и мултикултурализмот, ги поттикнува и ги вклучува поголемиот број од учениците и дел од родителите во училишниот живот. Нема појава на дискриминација и сегрегација на учениците. Постои појава на избегнување на запишување на ученици во прво одделение во ова училиште, заради предрасуди на родителите.

Наставничкиот кадар е доста почитуван од страна на учениците и родителите. Во училиштето се видливи позитивните меѓучовечки односи. Постојат голем број примери на тимска работа, соработка и професионален однос кон работата. Наставниците и стручните соработници сметаат дека меѓусебната професионална соработка е многу добра, како на ниво на стручни активи, така и на ниво на училиште.

Учениците носат училишна униформа, а наставниците мантили.

Училиштето има куќен ред и кодекси на однесување за вработените, учениците и родителите. Во нив се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето. Кодексот за однесување на учениците е истакнат во училниците и холот на училиштето. Има истакнато и кодекс на облекување на ученици. За време на час не се носат мобилни телефони, за што родителите дале писмени изјави.

Училиштето има Правилник за изрекување на педагошки мерки. При прекршување на правилата пропишани со кодексите, за учениците се применува правилникот за изрекување на педагошки мерки. Минатата учебна година биле изречени следните на

педагошки мерки: 192 усни опомени, 94 писмени опомени, 70 укори, 22 преместувања во друга паралелка и 7 намалувања на поведението на добро. Според педагошко-стручната служба педагошките мерки биле изречени најмногу заради нередовноста на учениците. Во училиштето е формиран тим за поддршка на ученици на кои им е изречена педагошка мерка, а со цел надминување на проблемот.

Училиштето преку своите програмски документи и низа активности (предавања, работилници и др.) води политика на почитување на разликите по основ на етничка припадност, пол и верска определба. Вработените ги поучуваат учениците да се грижат за училиштето и едни за други.

Учениците и вработените ги почитуваат демократски усвоените правила на однесување на училиштето. Задоволни се од работна атмосфера која се обезбедува за време на наставата и вонннаставните активности. Сите ученици се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето. Најголемиот број наставници и ученици сметат дека учениците се однесуваат учтиво и соработуваат меѓусебно и со наставниците. Најголемиот број од вработените се трудат да бидат позитивен пример за учениците и со внимание се справуваат со проблемите што се однесуваат на дисциплината и редовноста. Во училиштето нема расправии на етничка основа. Стручните соработници и наставниците сметаат дека проблемите кои настанале со непочитување на правилата на однесување успешно ги надминуваат преку разговори и советувања на учениците и родителите.

Ученичката заедница е демократски формирана на сите нивоа. Учениците сметаат дека се вклучени во донесувањето одлуки за прашања што се од нивен непосреден интерес.

Претседателот на ученичката заедница и ученикот - правобранител по претходна покана присуствуваат на седниците на Училишен одбор. Работата на ученичката заедница и детето правобранител и остварувањето на нивните програми е помогната и менторски е поддржана од психологот. Поголемиот број ученици сметаат дека се информирани од ученичката заедница за сите работи што се од нивен непосреден интерес и главно се вклучени во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки во врска со тие работи.

## 5.2 Промовирање на постигањата

Училиштето добро презема активности за да ги промовира постигањата на учениците. Најголемиот број наставници го користат пофалувањето како начин на мотивирање за поголеми постигања.

Промовирањето на постигањата на учениците во рамки на училиштето се врши со доделување на пофалници и награди на учениците што постигнале високи резултати на натпревари. Во училиштето се прогласува ученик првенец на генерацијата од IX одделение, согласно дадени критериуми во интерен Правилник. Во училиштето на видни места се поставени пехари, награди, пофалници и други потврди на успесите на учениците и нивните наставници. Училишниот разглас често се користи за промовирање на успехот на учениците или училиштето.

Во училиштето нема Правилник за наградување на успешни наставници.

Надвор од училиштето, постигањата на учениците се промовираат преку училишната web страна: www.dobrejovanoski.edu.mk, локалните телевизии и web-портали, преку фејсбук профилот на училиштето, како и преку учество на ученици на разни натпревари, конкурси, хуманитарни, културни акции, проекти (Еразмус) и други вонннаставни активности. Училишните постигања се објавуваат повремено и на официјалната страна на општина Прилеп. Минатата учебна година изготвено е видео,

за успешни приказни на претходни ученици од ова училиште. Истото е поставено на web-страната на училиштето. На Youtube има и други промотивни видеа за училиштето.

### 5.3. Еднаквост и правичност

Најголемиот број од воспитно-образовниот кадар ги знае и ги почитува правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги знаат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. Повремено се организираат работилници со родителите, за да ги запознат со правата на децата.

Најголемиот број ученици и родители сметаат дека вработените во училиштето правично и со почит се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите на учениците. Еднаквоста и правичноста меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот се зацртани во програмските документи на училиштето. Истите се промовираат преку предавања, работилници и други активности. Учениците се учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во рамките на училиштето и пошироко.

Училиштето преку своите активности кои се спроведуваат во рамките на МИМО проектот води политика на позитивно вреднување и промовирање на родовата, етничката, културната, верската и јазичната разновидност во училиштето и во заедницата и нивно заемно прифаќање (изготвен е нов мурал во училишниот двор). со Учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници во татковината, без оглед на која етничка група ѝ припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата. Училиштето планира и реализира заеднички вонаставни активности со хетерогени групи од свои ученици. Нема партнер училиште. Започната е постапка за збратимување со училиште од Р. Србија.

### 5.4. Партнерски однос со родителите со локалната и деловната заедница

Училиштето планира и презема активности со цел да вклучи што поголем број родители во воспитно-образовната работа на училиштето. Добар број родители се вклучуваат во работилници и во дел од вонаставните активности. Соработката со најголемиот број родители училиштето ја остварува преку индивидуалните и групните родителски средби. Училиштето на законски начин ги избира претставниците на родителите во УО. Советот на родители е активен и е со мешан етнички состав. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето.

Училиштето активно е вклучено во животот на општината преку спроведување на многубројни заеднички активности во соработка со јавните установи во општината, како и проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата. Добро соработува со : општина Прилеп, со центарот за поддршка-Прилеп, со урбаната заедница „Тризла“, Домот за култура „Марко Цепенко“-Прилеп, со ресурсен центар „Кочо Рацин“-Битола, Народна библиотека, Исламската заедница, Православната црква, Народниот театар-Прилеп, МВР Прилеп, Центарот за деца со посебни потреби „Ѕуница“-Прилеп и др.

Училиштето често и добро соработува со деловната заедница во насока на обезбедување на средства за подобрување на условите за работа на училиштето и за реализирање на вонастаните активности. Добра е соработката со АД „Витаминка“-Прилеп, „КонфиАнгел“- Прилеп, Халк-банка, идр. Има голем број примери за

остварена соработка со граѓанскиот сектор, во смисла на донации и помагање на училиштето, со НВО „Рома Перспектив“ -Прилеп, НВО „Ромалитико“, НВО „Станица 5“- Прилеп и др.

Партнерскиот однос со родителите, со локалната и деловната заедница е добар.

# 6. РЕСУРСИ

## 6.1. Просторни капацитети

ООУ„Добре Јованоски“ – Прилеп во својот состав нема подрачни училишта, но заради недостаток на училници во Централното , училиштето користи помошен објект кој се користи за изведување на настава на шест паралелки во две смени кој е во сопственост на Центарот за воена обука „Лазо Филиповски Лавски“ – Прилеп во населба Тризла.

Централното училиште има еден објект од цврста градба, со сите потребни простории за изведување на наставата. Но, заради недостаток на училници за работа во две смени , училиштето користи уште еден објект во кој се изведува наставата со учениците од 4 одделение со 6 паралелки во две смени.

Објектите се приклучени на електрична, водоводна и канализациона мрежа.

Воспитно-образовната дејност во централното училиште се реализира во една училишна зграда на приземје и два ката и во помошен објект кој се користи за изведување на настава на шест паралелки во две смени кој е во сопственост на Центарот за воена обука „Лазо Филиповски Лавски“ – Прилеп во населба Тризла, во која наставата ја изведуваат одделенска настава во прво одделение.

Условите за изведување на наставата како во централното така и во „помошната“ училишна зграда и просторот кој го користат ги задоволуваат условите за изведување на наставата. Големината на училниците соодветствува на бројот на учениците во паралелките. Училиштето максимално ги користи расположивите капацитети за изведување на настава и вонннаставни активности со што ги задоволува потребите на учениците, во училиштето постои добра искористеност на просторните капацитети.

Училишната зграда е изградена во 1954 година со вкупна површина од 2447 м2(приземје и два спрата). Располага со 24 училници и 2 кабинети за : информатика и природни науки. Кабинетите и училниците се мн.добро опремени со наставни средсва и дидактички помагала, во кои се реализира настава за учениците од прво до девето одделение, во две смени со исклучок на учениците од четврто одделение кои наставата ја изведуваат во друга зграда.

Училиштето се загрева со систем за греење со нафта. Котлите на топловодниот систем се наоѓаат во простории кои се користат само за таа намена, во училиштето има но не е во функција и агрегат за струја.

Училишниот простор ги исполнива условите за изведување на наставата, согласно нормативот за училишен простор и опрема. Наставата во училиштето се изведува во две смени. Големината на училниците соодветствува на бројот на ученици во паралелките. Училишниот објект на централното училиште располага со 24 училници, 2 кабинети, ресурсна соба, библиотека, 4 канцаларии (директор, наставници,една просторија за стручните соработници, просторија за административниот персонал), една просторија за технички персонал(портирница), котлара, работилница една просторија наменета за прием и достава на храна, 4 тоалети со вкупно 15 санитарни јазли од кои еден е за лица со физички инвалидитет и 2 тоалети со 6 санитарни јазли за наставници на први спрат, ходници (на први спрат се наога бина за приредби) и скали. Тоалетите за учениците се на два спрата на објектот и сите тоалети во училиштето се целосно реновирани. Поради големиот фонд на наставни часови, учениците од двете смени максимално ги исполнуваат училниците и кабинетите во текот на секој работен ден истите се целосно реновирани и бојадисани(променети подови) и во нив има целосно нов училишен инвентар. Ходниците и скалите во училиштето се целосно реконструирани. Во училиштето има 13 противпожарни апарати и два во спортската сала (сервисирани) , исто во спортската сала има и четири хидранти (сервисирани).

Затоплувањето на објектот е со сопствено парно греење на течно гориво. На предниот влез од училишната зграда има пристапна рампа. Училишниот двор во централното училиште е со површина 2150 м2 ,предниот дел е партерно уреден и заграден и холтикултурно уреден во кој се наога и мултифункционално спортско игралиште и еден дел во дворот е опремен со спортски справи во чиј состав има и справи за лица со хендикеп ,задниот дел од училишниот двор е ограден , холтикултурно и партнерно уреден , во истиот се наогаат и клупи за одмор, летна училница и има стар објект кој не преставува опасност по безбедноста на учениците и вработените за кој училиштето е во фаза на подготовка за негово целосно реконструирање. Во предниот дел од дворот се наогаат едно мултифункционално ново модерно игралиште (фудбал,ракомет , кошарка, тенис и одбојка) има и ново изграден и модерно опремен дел со спотски фитнес справи и справи за лица со физички попречености и во дворот на училиштето се наога и новоизградена модерно опремена спортска сала со површина од 1200 м2. Искористеноста на просторните капацитети во училиштето е мн.добра.

Во помошниот објект кој е од цврста градба , кој го користи училиштето во населба „Тризла „ наставата се изведува во една зграда која е стара градба но целосно внатрешно реновирана и реконструирана (променети врати и прозорци, променети подови), реновирани ѕидови и тавани, има три училници, канцеларија за наставници, котлара во подрумските простории. Училиштето се затоплува со парно греење на пелети. Тоалетите се наогаат во дворот до училишната зграда и истите се целосно реновирани и реконструирани во нив има вода и условите во нив се добри, одржувањето на хигиената во нив е добра. Училишниот двор е целосно ограден и поплочен со бекатон плочки, на влезот во училишната зграда има лифт за лица со физички хендикеп. Нема спортски терен во училишниот двор (за изградба на истиот е изготвен проект во соработка со НВО „Ромалитико“ и општина Прилеп ) , во топлите денови во дворот се реализира наставата по ФЗО , а во зима истата се изведува во училница која е пренаменета како мини спортска сала. Училиштето делумно

исполнува услови за реализација на наставата по ФЗО. Во училиштето има три противпожарни апарати (сервисирани) . Во оваа учебна година во училиштето има 6 паралелки поделени во две смени со ученици од 4 одделение. Од кои три паралелки се во прва смена со 64 ученици од 4 одделение ,и 3 паралелки во втора смена со вкупно 70 ученици од 4 одделение . Во училиштето условите се добри ги задоволуваат потребите за работа по Новата концепција во основното образование ( наставните средства и помагала ). Во сите четири училниците има обезбедено смарт панел табли, комјутери има во сите училници и телевизори , и проектори. Во наставничката канцеларија има мултифункционален печатар и компјутер. Училиштето е добро опремено и со нагледни средства и помагала за ФЗО и музичко образование како и по другите наставни предмети.

Видео надзор има во двете училишни згради со вкупно 25 камери, има физичко обезбедување во централното училиште и 24 часовен мониторинг во помошната училишна зграда.

Училиштето има план и распоред според кој ги користи расположивите капацитети за изведување на наставата.

Санитарните јазли во училиштето се реновирани, во нив хигиената е добра, бројот на санитарните јазли ги задоволуваат потребите на учениците и вработените, во нив има и тоалет за лица со физички хендикеп.

Просториите во училиштето се загреваат преку систем со топловодно греење на нафта и дрва.

Во оваа учебна година, во централното училиште настава посетуваат вкупно 1238 ученици од I до IX одделение, распоредени во 54 паралелки.

Училишниот простор нецелосно ги исполнува условите за изведување настава во две смени.

Во последните три години во училиштето се реализирани неколку инфраструктурни проекти како што се: целосна реконструкција на сите тоалети и санитарни јазли во централното училиште и во помошната училишна зграда, целосно поплочување со бекатон плочки на задниот училишен двор, ново изградена и хортикултурно уредена летната училница, целосна реконструкција на просторот во кој е сместен кабинетот по Природни науки , целосно опремување на училниците со нов училишен инвентар, поставување на лифт за лица со физички хендикеп во помошната зграда на училиштето, целосна реконструкција на скалите и ходниците во централното училиште , целосна реконструкција на подовите во сите училници со гумирана подлога и во помошното училиште со ламинат, промена на дограмата во помошното училиште и промена на олуците во истото, поставување на парно греење на пелети во помошното училиште , бојосување на ѕидовите во училниците , во двете училишни згради сите светилки се заменети со ЛЕД, во училиштето сите чешми се од штедливите, во цело училиште на прозорците се поставени роло завеси, промена на ламинат во сите канцеларии, за тековно одржување на хигиената во училиштето набавени се две машини за подови и една индустриска правосмукалка. Во канцелариите и во две училници има поставено 6 клима уреди.

Училиштето има план и распоред според кој ги користи расположивите капацитети за изведување на наставата.

### 6.2. Наставни средства и материјали

Опременоста на училиштето со наставни нагледни средства и други технички помагала е мн.добра. Ова се однесува како на техничко-нагледните средства кои се потребни за работа во одделенска настава и предметна настава (новата концепција), предметна настава особено за предметите од природните науки (современо комплетно опремен кабинет), за реализација на наставата по Физичко и здравствено образование училиштето е мн.добро опремено со потребните реквизити, справи и сл. како и професионален разглас во Спортската сала ( Јарец,Коњ,Отскочна даска,Гимнастичка греда,Низок разбој,Шведски сандак,Одбојкарска мрежа,Мрежи за топки, Кошаркарски топки,Одбојкарски топки,Ракометни топки,Чунови,Медицинки, Шаховски гарнитури, Мрежи за фудбал,маркери, фудбалски топки, вертикална лотка,обрачи,вреки со песок од 5 кгр,маса за пинг-понг ,шкаф за реквизити, стативки за ракомет), музичко образование ( 5 професионални синтисајзери ,3 гитари ,дајрина, ,блок флејти ,звучни кутии,сталки за звучници, микрофони, комплетно озвучување, удирачки инструменти, касетофони) , мн.добра опременост и функционалност на компјутерската опрема 21 персонални компјутери , десктоп компјутери 21, преносни компјутери 40 и 300 таблети. Училиштето располага со: Бела метална табла 29, смарт табли 26, Видео проектор 29, ЛЦД проектор 29, мултифункционални печатачи 10, ЛЦД ТВ 28, Брајова машина и други наставни помагала за лица со оштетен вид.

Училишната библиотека располага со 1062 наслови и 9833 примероци од кои 67 наслови со 2067 примероци училишна лектира, стручна литература и литература од различен жанр (романи, драмски дела, збирки песни, приказни, басни и слободна литература) со 849 наслови и 7649 примероци , 17 толковни речници, стручна и методичка литература 192 и литература на странски јазици 129 наслови со 176 примероци. За обновување и дополнување на книжниот фонд, посебно за лектирни изданија училиштето континуирано врши набавки во рамките на своите можности. Последната набавка е направена со поддршка од Советот на родители и набавени се 465 лектирни изданија од 17 наслови.

Во библиотеката работи еден наставник по одделенска настава. Библиотекарот има изготвено Годишна програма за работа на библиотеката, која што е во состав на Годишната програма за работа на училиштето. Библиотечна евиденција се води со картотека и електронски. Евиденцијата е целосна . Во состав на библиотеката во соработка со наставник по македонски јазик работи и секција „Млади библиотекари“

Библиотеката има работното време од 7.00 до 15.00 часот, се почитува во целост. Сместена е во добри просторни услови.

### 6.3. Обезбедување на потребен кадар

Училиштето има обезбедено соодветен наставен кадар за реализирање на воспитно-образовниот процес, освен за предметите хемија (замена за породилно боледување) техничко образование и информатика . Наставниот процес во училиштето го реализираат 33 наставници во одделенска настава и 41 наставници во предметна настава или вкупно 74 наставници ( 71-ВСС , 2 Виша школа и еден магистар). Од наставниот кадар 56 наставника се вработени на неопределено работно време со полн фонд на часови, 16 наставници се вработени на определено работно време со полн фонд на часови и 2 - наставници на определено работно време со неполн фонд на часови. Два наставника кој се на определено работно време (етика на религии и ФЗО) работат и во друго училиште поради надополнување на фонд на часови. Во училиштето 3 наставници се на породилно отсуство (историја,хемија и англиски јазик) и една наставничка по одделенска настава е на боледување. За наставниците по историја, англиски јазик и одделенска настава има ангажирано

соодветен наставен кадар на замена, додека за замена по предметот хемија ангажираното лице не е соодветен наставен кадар. Во училиштето на боледување се двајца наставници за кои постапката за ангажирање на лица за нивна замена е во процедура, наставата по предметите ја врши замена од соодветен наставен кадар од училиштето. Во училиштето нема родова, етничка или друга дискриминација при изборот на наставниот кадар. Сите наставници се македонци според етничката припадност.

Освен наставниците во воспитно-образовниот процес е вклучена и стручната служба: психолог, педагог , социјален работник, специјален едукатор и рехабилитатор и библиотекар. Во училиштето има еден образовен асистент. Во училиштето од страна на МОН има ангажирано 3 медијатори.

Во админстративна служба вработени се: директор, секретар и благајник.

Помошен персонал има: хаус мајстор, ложач, 7 хигиеничари со полно работно време и 1 со пола работно време, 2 нокни чувари и економ.

Во случај на пократко отсуство на наставник, училиштето врши замена со постојните наставници. За подолги отсуства се бара мислење од основачот и се вработува наставен кадар за замена.

### 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Во училиштето има Програма за професионален развој на наставниците, се води грижа за идентификување на потребите за професионална надградба на наставниците. Наставниците имаат Лична професионална програма и професионални досеја.

Вреднувањето на работата на наставниците и идентификувањето на нивните потреби се врши преку посета на часови од страна на директорот, педагогот и психолог , увид во планирањата, и преку активностите на стручните активи. Во оваа учебна година има извршено посета на часови. Од страна на стручната служба извршен е увид во комплетирањето и припремите на годишните и тематско процесните планирања.

Во училиштето има стручни активи кои ги вклучуваат сите наставни предмети, редовно се состануваат и соработуваат особено во делот на изготвување на планирањата, унапредување на професионалниот развој, организирање на нагледни часови и сл.

Од разговорите со наставниците и посетените часови се констатира дека е евидентна потребата од континуирано стручно усовршување на наставниците за подобрување на стручните способности.

Директорот во рамките на можностите и планирањата обезбедува финансиска поддршка за професионалниот развој на наставниците, за учество на семинари и обуки.. Обуки наставниците посетуваат и на сопствен трошок или доколку истата е обезбедена од организаторот.

Следењето на развојните потреби на кадарот е добро.Наставниците од одделенска настава и предметните наставници кои реализираат настава во 6 одделение ја имаат следено обуката за новата Концепцијата за основно образование. Училиштето учествува во обуки и семинари кои го унапредуваат воспитно-образовниот процес. Изборот на наставници кои учествуваат на овие семинари е транспарентен и правичен.

Училиштето има план за дисеминација на знаењата стекнати од едукациите на наставниците.

Постои соработка со наставници од други основни училишта и институции во општината и пошироко.

Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот. Наставниот кадар има ажурирани портфолија за професионален развој и изготвени планови за Личен развој.

Училиштето има пропишано процедура за наставниците приправници за навремено определување на метори за реализација на приправничкиот стаж.

Во училиштето има еден наставник со звање наставник - ментор истиот е наставник по математика. Во училиштето има 8 наставници приправници од кои еден е по техничко образование ,еден е по ФЗО чиј ментор е наставникот со звање ментор, 1 географија чиј ментор е од друго училиште наставник со звање ментор, 1 историја чиј ментор е од друго училиште наставник со звање ментор , 3 одделенска настава од кои на две им се ментори наставници со звање ментор од друго училиште и на една и е ментор наставник по одделенска настава од матичното училиште , еден англиски јазик чиј ментор е наставник од друго училиште каде што претходно работела.

Училиштето ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој. Во училиштето се работи според Програма за усовршување и професионален развој на наставниците и таа е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето..

Во училиштето се врши континуирано стручно усовршување на наставниците за подобрување на стручните компетенции во одделенска и предметна настава.

Училиштето учествува во сите обуки и семинари кои го унапредуваат воспитно-образовниот процес, а има и евиденција за извршени дисеминации од страна на наставници кои посетувале обуки. Изборот на наставници кои учествуваат на овие семинари е транспарентен и правичен. Вреднувањето на работата на наставниците и идентификувањето на нивните потреби се врши преку посета на часови од страна на стручната служба и директорот во текот на учебната година.

Стручната служба и директорот уредно го контролираат ажурираањето на портфолијата за професионален развој на наставниците.Училиштето преку Тимот за професионален развој.

### 6.5. Финансиско работење

Управувањето, раководењето и финансиското работење во училиштето е во рамките на надлежностите кои ги имаат директорот и Училишниот одбор. Училиштето има донесено финансиски план за 2024 година за сметка 903 (арх.бр.05-22/1 од 11.01.2024 год.), финансиски план за 2024 година за сметка 787 (арх.бр.05-23/1 од 11.01.2024 год.), финансиски план за 2024 година за донаторска сметка (арх.бр.05-24/1 од 11.01.2024 год.). Училиштето има План за јавни набавки за 2024 година со(арх.бр. 05-46/1 од 29.01.2024 година). Во врска со јавните набавки, училиштето формира Комисии за јавни набавки (членови и заменици за секоја јавна набавка посебно , согласно ЗЈН).

Училиштето добива финансиски средства од буџетот на РСМ, а остварува и сопствени приходи преку сметката за самофинансирање од издавање на спортската сала за која има уредна документација, распоред за користење после 20.00 часот, во соработка со UNDP и локалната самоуправа поради воведување на настава за возрасни во училиштето истата е проширена. Училиштето има и донаторска сметка од Еразмус + програмата.

За финансиското работење училиштето ги информира органите и телата во училиштето, како и локалната власт преку полугодишниот и годишниот извештај.

# 7. УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА

## 7.1. Управување и раководење со училиштето

Управувањето и раководењето со училиштето е добро. Училишниот одбор (УО) е конституиран согласно законската регулатива. Училишниот одбор ги извршува своите законски обврски, но недоволно презема конкретни чекори за идентификување на состојбите, поставување на приоритети и предлагање иницијативи и активности за подобрување на целокупниот воспитно-образовен процес. Членови на УО се со легитимен мандат. За сите членови на УО реализирани се обуки заради успешно извршување на улогата на управување. Претседател на УО согласно законот за основно образование е од редот на родителите. Состаноците на УО се одржуваат во зависност од потребите. На седниците на УО, членовите уредно и навремено се покануваaат и секогаш се обезбедува потребното мнозинство за работа. За одржаните состаноци се водат записници. Училишниот одбор донесува одлуки, дава мислења, разгледува финансиски планови и извештаи и други работи кои се во негова надлежност.

Соработката на УО со родителите, директорот и локалната самоуправа е добра.

Со училиштето раководи директор, кој е именуван од страна на Градоначалникот на Општина Прилеп. Директорот на училиштето има изготвено Годишна програма за работа, која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето. Директорот на училиштето како раководен орган, има професионален однос кон работата и како приоритет на своето работење го става подобрувањето на условите за работа на училиштето, дисциплината, редовноста и постигањата на учениците. Работењето на раководниот орган е засновано на тимска работа и во таа насока донесува одговорни одлуки. Директорот има подршка во раководењето и реализирањето на образовната политика од сите структури на училиштето и локалната самоуправа и воспоставува партнерства во непосредната и во пошироката заедница.

## 7.2. Креирање на училишната политика

Целите и креирањето на училишната политика на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политика. Целите на училиштето се зацртани во Развојната програма на училиштето и се насочени на подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес. Целите на развојната политика се прецизни и јасно отсликани и опфатени, а при нивните поставувања се вклучени наставниците, родителите и учениците. За поставени цели во Развојната програма на училиштето, изготвени се акциски планови со носители на активностите со временски рок по години за нивно извршување. Училиштето има изработено самоевалуација на работата на училиштето за период од две учебни години, во која се дефинирани јаките

и слабите страни во работењето на училиштето, како и страните кои треба во иднина да се подобруваат. Училиштето има изготвено Развојна програма за период од четири години ( 2023 - 2027 година) во која ги има дефинирано следните стратешки цели: 1.Подобрување на интра и интер персоналните комуникациски односи на сите вработени, ученици и родителите со примена на кодексите на однесување. 2. Намалување на неоправданото отсуство од наставата на учениците роми и нивно вклучување во редовната настава. Училиштето ги вклучува наставниците активно да учествуваат во креирањето на стратегиите за остварување на целите и се запознаени со нивното остварување. Родителите и учениците се запознаваат со целите и начинот на креирање на училишната политика.

# НАОДИ И ПРЕПОРАКИ

### Јаки страни

- Стручната служба во училиштето е целосно екипирана и истата дава целосна и навремена поддршка на учениците, наставниците и родителите
- Учениците со различни образовни потреби во рамките на наставата добиваат целосна и навремена поддршка,
- Постои добра вклученост и високи постигања на учениците во воннставните активности,
- Средината за учење и безбедноста во училиштето се на високо ниво,
- Соработката на сите структури е на високо ниво што резултира со многу добра училишна клима,
- Опременоста на училиштето со нагледни средства и помагала е многу добра,
- Директорот на училиштето има целосна поддршка во своето работење од сите структури во училиштето.

### Слаби страни

- Недоволна вклученост на родителите во образовниот процес,
- Редовноста на учениците треба да се подобри,
- Библиотеката делумно ги задоволува потребите од библиотечен фонд на лектирни изданија и стручна литература

### Препораки

- Да се превземат активности за поголема вклученост на родителите во образовниот процес.
- Да се превземат активности за намалување на бројот на неоправдани изостаноци кај учениците
- Училиштето да планира и обезбеди повеќе средства за подобрување за набавка на лектирни изданија и стручна литература.

| | |
|---|---|
| Жаклина Наумовска, Раководител на инспекцискиот тим | |
| Весна Корлевска, Инспектор | |
| Илија Илиески, Инспектор | |